ГОГО ИВАНОВСКИ

Инв. инд. бр. 2313/71
стр. 32
дин. 0,80
Р-821.163.3-1 ИВА/с
ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА
СКОПЈЕ

# Стихои

1948

ДРЖАВНО КНИГОИЗДАТЕЛСТВО НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА СКОПЈЕ
К 2458/48
К. № 8660/56

НАРОДНА БИБЛИО
НА СКОПСКА ОК
Инв. № К 12/62

Инв. бр. 2313/71
Стр. 32 Дн. 0,80

ЈУ Градска библиотека
"Браќа Миладиновци"-Скопје, РМ
Инв. бр. 01 01 28992

# Песни од мојот град

## НА ПОВАГ’АЊЕ

Пролет пука... Тешко рало
не се влече... тежи гнет.
Друг го јаде, моја мале,
нашиот бел, житен леб.

Друг си ширни двори сместил
во поробен татков крај,
па со нашта родна песна
луда радост в гради тај.

Не за вака, моја мале,
Дојдов јас на овој свет —
камен да е па к’е стане
против ваков живот слеп!

Пушка таткова к’е фатам,
пат к’е газам широк, долг,
та кога јас пак се вратам —
к’е поминам в село горд.

Прости мајко... може негде
к’е загинам ушт’е млад —
знам, к’е чекаш и к’е тажиш
на самотен кук’ен праг.

Гора лист по лист к'е мени
и к'е сее шепот тих,
денов друг ден к'е смени —
орач нов к'е видиш ти!

К'е го гледаш ведор, срек'ен,
в очите му птичји рој,
к'е се сетиш и к'е речеш:
тоа, знам, е синст мој!

Пролет пука... тешко рало
не се влече... тежи гнет.
Збогум, збогум, моја мале,
село мое — солнчоглед!

## ПОВРАТОК

Поминал синот три лути зими
в гора со пушка во рака,
Родина бранел и чесно име,
и сетне дома се вратил.

Појадер, момче, со снажен чекор
мајка си на праг ја сретна,
срце му машко омекна в гради,
погледот тврд му светна.

„Прости ми, мајко,—прошепна тихо
кога од дома јас тргнав,
дека к'е одам, не сум ти рекол,
в борба со смена прва.

И дека в бојот каде што минам
сакам за сешто да платам,
и дека така јас к'е се бијам,
што може не к'е се вратам."

Затрепка солза во суво око,
покрена мајката рака,
синот го гушна и тихо рече:
„Таков да бидеш сакам!"

## ЕСЕНСКА

Оваа есен е голема есен,
пред мене огнен се простира пат,
јаремот ропски сосем се стеснил
на нашиот жилав и нажулен врат.

Итам јас сега со крв да ги решам
болките стари од престарел век,
јас да му вратам на врагот ни страшен
за сите есени мрачни по ред

Оваа есен е жестока есен,
кога се суди без милост и страв,
кога со шумна бунтовна песна
ден нов к'е почне во нашиот град.

На одмазда викат гробоите црни
и мртвите тела по горскиот срт,
да одиме другар — да бидем први
и в дружбата братска и в браската смрт!

Оваа есен е последна есен —
по неа иде пролетен зрак,
по неа идат таквиа песни,
што не сме ги чуле во родниот кат!

# РОДИНАТА

К'е биде празник... Родината в тој ден
дел равен к'е дели на сексму од нас;
к'е праша за тебе — к'е речеме ние:
Татковино наша, тој не беше со нас!

К'е појдеш ти дома, а темнина ледна
во градите како со нож да те сече...
К'е излезеш надвор ти другар да бараш
но никого нема кој збор да ти рече.

К'е чуеш сал негде, во спомени внесен,
му расправа татко на своето дете:
тој за гуша како се фатил со врагот —
а ти нема гордост во раце да сетиш.

К'е направиш чекор к'е поиташ напред
к'е посакаш радост, знај, уште да
видиш,
но патот твој пуст е без другар без
солнце
и пак дома сирак и слеп к'е си идеш.

И тогај к'е сетиш в град пламена желба,
к'е копнееш страсно, ко патник за вода
и првото нешто што в светов к'е сакаш-
син добар да бидеш на земјата родна!

## РАШЕЛА

Станиј, Рашела!.. Пред твоите порти
со лице на гробар стој сур полицај,
под пазува нож од светот тој сокрил —
Рашела, се ближи злослутнист крај!

Ти треба да платиш за твојата вера,
за името твое, за родот си свој,
собери си дреи, о, грешна Рашела,
те чека да тргнеш на пат часовој.

Ти плачеш... Ти тежи, о, девојко млада
што нема да сетиш втор раскрилен ден,
што првото утро без срам ти го крадат
и целивот онен по образот бел.

Молчи, Рашела...! Зар не слушаш надвор
во лулка кај пишти првенецот мил —
див стражар во лице му розово наѕрел
го плаши — комшијте да не чујат вик...

А по него одат расплакани мајки..
За прв пат е тоа во сокакот наш,
к'е помине време над вашите маки,
но овој ден долго к'е созре во нас;

к'е помниме вечно: живеале луг'е
в улицата наша — на земниот кат,
како секој човек, ко сите нас други,
живеале луг'е во нашиот град.

Ти немој да молиш и трепнеш пред
прагот
и таму штом писне в миг куршумот врел,
с, ниедна солза да не види врагот,
и в лице му осмев да замрзне нем!

Колоната оди... Ти побрзај в неа
да достасаш мајка и далечен род...
Колоната оди... о, збогум, Рашела —
к'е помниме ние за патот твој долг.....

## ЦРНЕЧКА ПРИСПИВНА ПЕСНА

**Подражание на Љермонтов**

Спи ми крепко, мил мој Џонсон,
сон сонувај лек,
пече солнце јужно-морско,
зрее памук мек.
Освен тебе, црнче мое,
немам никој друг,
ти слушај ме — добро помни,
лули — лули — лу.

По плантажи недогледни
тече ладна пот,
бел настојник крвно гледа
по црниот роб.
Татко ти бил добар човек,
не е сторил зло,
но загинал, дете мое,
в електричен стол.

Сам к'е сетиш — има време,
штом к'е дојде час
за одмазда к'е се спремиш
ти за сите нас.

Јас на борба ќе те пратам
во далечен град —
спи ми, ангел мој ти златен,
лули — лули — ла.

Борец да ми станеш верен
и по срце прав,
и од мистер Гарлан Џери
ти да немаш страв.

Ќе ти дадам тебе совет,
мајчин совет свет:
не заборавај да си човек
в широкиов свет:
и помни го в бојот страшен,
својот татко мил,
спи ми, ангел мој прекрасен,
лули — лули — ли!

## ЉУБОВ

О, бескрајна срек'а в дождливиов час
се разлева в гради ми, другарко мила, —
ти не ми се чуди што срек'ен сум јас,
што солза под очи ми бистра се скрила.

Не прашај ме зошто јас толку те сакам
и така цврсто те држам за рака,
а погледни:

врне благодетен дожд

и утре к'е роди земјата плодна,
к'е поникне жито, к'е узрее грозд,
низ вадите ладна к'е потече вода;

к'е повее ветрец — ергенинот млад,
к'е залула класје низ поле,
со срдечна песна во топлата град
млад селан к'е жнее во зори,

а момите јадер к'е врозуат сноп
и срце им в гради к'е расне,
бел лебец к'е крши работникот горд,
и светов тој чудно к'е го краси.

О, бескрајно сакам во овакав час,
да љубам, да љубам јас другарко мила —
ти не ми се чуди што срек'ен сум јас,
што солза под очи ми бистра се
скрила...!

# НА КОЧО РАЦИН

Зад ридиштa солнцето гасне без шум,
некаде бела к'е огрее зора ,
и многу твој стихој ми идат на ум,
многу би имал за што да ти зборам.

На утрина денес јас в монопол бев:
радосна песна ме сретна на врата,
и твојата Ленка со безгрижен смев
тутун, ја видов, кај калапи златен.

По лице и' солнчев се разиграл зрак,
златна е, велат, нејзината рака,
а веѓите и' се цврст оптегнат лак
никогаш Ленка не личела така.

Се збори за неа и нејниот труд —
в работа била и пример и лика,
во монопол рамен и' немало друг,
весници в градот ја вадат на слика.

А навечер кога син месечок млад,
свила на небо к'е разлее мека,
цврколи срце во Ленкина град,
свршеник весел пред врата ја чека.

Инв. бр. 2313/71
Стр. 32 Дин. 0,80



ЈУ Градска библиотека
„Браќа Миладиновци"-Скопје, РМ
Инв. бр. 01 1012 8992

Ти доволен биди од нашиот род
в нашата земја на сегде е така,
и песниТе твои зрел дадоа плод —
поздрави топли јас тебе ти прак'ам.

## ТРАКТОР *

Први мартовски деној...
Солнце по лице лега,
широко кочанско поле,
по поле трактор бега.

На трактор момче младо
пее и — весело јазди,
под него земја родна
се кине в топли бразди.

И татнеж одѕив јачи
над ниско планинско село,
пред село орач мачен
со темни брчки в чело.

Озгора ведро небо,
пред него чудна пролет —
солнце по лице лега,
трактор в кочанско поле..!

## ЖЕЛБА

К'е поминам, лична Радо, девет села,
мраз к'е газам, ветер к'е ме сече,
но стасам ли в твојто село-к'е те земам,
очи да ти љубам сека вечер!

Ни дворови имам, Радониту ниви,
татко, мајка в земја спијат ладна,
на езеро, душо, посред води ширни,
срцето јас в дар к'е ти го дадам!

К'е слушаш ти бран врз бран кај шепти,
земја родна топло како збори,
па к'е сетиш в срце тоа јас што сетив —
наши ке се тогај сите двори!

## ПРОЛЕТНА

К'е те чекам штом к'е дојде пролет,
штом родите од југ к'е се вратат,
и родното замириса поле —
к'е те чекам пред мојата врата.

Ти да дојдеш во облека нова,
нељубена — стројна, белолика,
во очите да ти ги грее зора,
од градите пламен да ти блика.

Во нежни си, топли, меки дланоj
да донесеш прва китка цветои,
на устниите дах од пролет рана,
во срцето љубов спрема светов.

И застани ти таква крај мене,
како добар, чесен, верен другар —
к'е завог'а зад покриви денот,
работни к'е минат крај нас луг'е.

А јас к'е те прашам, добро мое,
со трепетна, нескриена љубов:
— дал чувствуеш во нашата пролет
колку многу светов наш е убав!?